**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје**
**Факултет за електротехника и информациски технологии**

Број: 08-118/9
Датум: 25.1.2023 година
С К О П Ј Е

Врз основа на член 43 став 1 од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус академски студии-докторски студии на Универзитетот *„Св. Кирил и Методиј"* во Скопје (Универзитетски гласник бр. 530/2020), и член 59 од Статутот на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје, а на предлог наСоветот на студиската програма од трет циклус на студии *Метрологија*, Наставно-научниот совет на Факултетот на седницата одржана на 25.1.2023 година, донесе

# ОДЛУКА

за утврдување на дополнителен критериум за одбрана на докторски труд на студиската програма *Метрологија*

1. Се утврдува дополнителен критериум за одбрана на докторски труд на кандидатите запишани на студиската програма од трет циклус на студии *Метрологија*.

2. За дополнителен критериум за одбрана се определува:

- ***да има објавено или прифатено најмалку еден труд во врска со предметот на истражувањето во списание со фактор на влијание (според SCI-проширената листа), како прв автор во период на студирање на третиот циклус - докторски студии.***

3. Исполнувањето на критериумот ќе го оценува Комисија формирана од Советот на студиската програма *Метрологија*, која ќе го потврди неговото исполнување.

4. Комисијата од точка 3 на оваа одлука се состои од три члена:
- раководителот на Советот на студиската програма,
- продеканот за наука и меѓународна соработка, и
- наставник на студиската програма од редот на акредитираните ментори.

5. Критериумот утврден со оваа одлука започнува да се применува за одбраните на докторските трудови од 1.1.2025 година.

6. Одлуката да се достави до: ННС, Советот, веб страницата, Одделението за студентски прашања и архивата на ФЕИТ.

Декан
Проф. д-р Димитар Ташковски